ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 01/24



12.01.2024 година

# РЕФЕРАТ

**за избор на демонстратор на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет Скопје**

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет Скопје, на 269-та седница одржана на ден 10.01.2024 година формира Рецензентска комисија во состав: доц. д-р Маја Саревска, претседател и доц. д-р Игор Бимбилоски, член, за избор на Демонстратор од редот на студентите, како помошник во наставно-образовниот процес на првиот циклус на студии на Факултетот за информатика, од областа: „Информатика".

На Конкурсот за избор на Демонстратор од областа: „Информатика" за академската 2023/2024 година на Факултетот за информатика, објавен на ден 29.12.2023 година, се пријави само кандидатot Викторија Андонова.

Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет Скопје, го поднесува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс за избор на Демонстратор од редот на студентите, како помошник во наставно-образовниот процес на првиот циклус на студии на Факултетот за информатика, од областа: „Информатика", во предвидениот рок се пријави еден кандидат, Викторија Андонова. Врз основа на доставената Пријава бр.03-16/1 од 02.01.2024 година и приложените документи: Кратка биографија (CV), Потврда за студент на втор циклус студии и Уверение за завршен прв циклус студии, Рецензентската комисија го констатира следното:

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

**Викторија Андонова** е родена на ден 16.08.2000 година во Неготино, Р.С. Македонија. Основно образование завршува во ООУ „Срашо Пинцур" во Неготино, а средно образование во СОУ „Св.Кирил и Методиј" во Неготино, на насока Електротехника за компјутерска техника и автоматика. Во 2023 година дипломира на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет Скопје и се стекнува со звање Дипломиран софтверски инженер. Своето образование го продолжува на постдипломски студии на Факултетот за сајбер безбедност и дигитална форензика при Воена Академија, во академската 2023/2024 година.

Преку волонтирање на црвен крст Неготино стекнато со врснички едукатор за Првенција од трговија со луѓе.

**ОБРАЗОВАНИЕ**

*Постдипломски студии* во тек Воена Академија 2023/2024;

*Дипломиран софтверски инженер* Европски Универзитет 2019 – 2023.

**КУРСЕВИ , СЕРТИФИКАТИ И НАТПРЕВАРИ**

- Онлајн курс за UI / UX дизајн;
- Уверение на натпревар Дабар 2016;
- Освоено II место за најдобар штанд на МАСУМ 2016;
- Сертификат Code CUP 2016;
- Освоено III место за најдобар штанд на МАСУМ 2017;
- Уверение на натпревар Дабар 2017;
- Сертификат Code CUP 2017;
- Благодарница за проект ЦКА -ПХВ 2015;
- Уверение за едукатор црвен крст 2019.

**РАБОТНО ИСКУСТВО**

**Систем администратор** од 01.12.2023 година на Европски Универзитет Скопје.

**КОМПЈУТЕРСКИ СПОСОБНОСТИ**

- програмските јазици: C, C #, JSP, html и CSS;
- Компјутерски мрежи: cisco packet tracer;
- Компјутерска графика: Adobe Photoshop , Adobe Illustrator;
- Креирање на видео: Filmora, VideoPad;
- UI / UX: Figma.

**СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ**

- Англиски јазик

**РЕЦЕНЗИЈА**

Според приложените податоци, а согласно Конкурсот за избор на Демонстратор од редот на студентите, како помошник во наставно-образовниот процес на првиот циклус на студии на Факултетот за информатика, областа: „Информатика" на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет Скопје, Рецензентската комисија забележува дека кандидатот Викторија Андонова има познавање и искуство од областа на информатика.

**КОНСТАТАЦИЈА**

По објавениот Конкурс за избор на демонстратор и врз основа на доставената Пријава, Викторија Андонова е кандидат со соодветно образование: дипломиран информатичар со просечен успех 8,7 и студент на втор циклус студии на сајбер безбедност и дигитална форензика. Кандидатот поседува познавање и искуство потребни за да одговори на прописите на објавениот Конкурс за избор во Демонстратор од редот на студентите, како помошник во наставно-образовниот процес на првиот циклус на студии на Факултетот за информатика, од областа: „Информатика" на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет Скопје.

## ЗАКЛУЧОК

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатката **Викторија Андонова**, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатката ги исполнува условите за избор во Демонстратор од редот на студентите, како помошник во наставно-образовниот процес на првиот циклус на студии на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет Скопје и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика да ја избере за **ДЕМОНСТРАТОР** од областа: „Информатика" за академската 2023/2024 година.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. **Доц. д-р Маја Саревска, претседател**

_______________

2. **Доц. д-р Игор Бимбилоски, член**

_______________